ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОПАГАНДА
ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО
Бр. 0306/376

Согласно член 125 од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ бр. 124/2011" и сите последователни измени), Организаторот на наградната игра Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје, ги утврди правилата на наградната игра:

# ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАГРАДНА ИГРА „УЖИВАЈ ВО ОМИЛЕНОТО КАФЕ И ОСВОЈ СУПЕР НАГРАДИ!"

## Член 1: Назив и седиште на трговското друштво

Организатор на Наградната игра **„УЖИВАЈ ВО ОМИЛЕНОТО КАФЕ И ОСВОЈ СУПЕР НАГРАДИ!"** е Друштвото за маркетинг и пропаганда ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје со седиште на ул. „Наум Наумовски - Борче" бр. 40, кат 4, 1000 Скопје, со ЕДБ 4030006611991 (во понатамошниот текст Организатор).

## Член 2: Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Цел на наградната игра организирана од Друштвото за маркетинг и пропаганда ЕПП Комјуникејшенс ДОО е рекламирање на производите од асортиманот капсули на трговската марка **Nescafe Dolce Gusto,** на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија (Нарачател на наградната игра), во 9 трговски ланци низ Република Северна Македонија.

Листата со точните локации на сите 32 продажни места на 9-те трговски ланци во кои ќе се организира наградната игра е доставена како Прилог бр. 1 кон овие Правила.
Листата на производите од асортиманот капсули на Nescafe Dolce Gusto кои ќе учествуваат во наградната игра е доставена како Прилог бр. 2 кон овие Правила.

## Член 3: Име, времетраење и опис на наградната игра

3.1. Официјалното **име** на наградната игра е: **„УЖИВАЈ ВО ОМИЛЕНОТО КАФЕ И ОСВОЈ СУПЕР НАГРАДИ!"**

3.2. **ВРЕМЕТРАЕЊЕ**: од **19.09.2025** до **14.11.2025** година.

3.3 **ОПИС:** Во наградната игра ќе имаат можност да учествуваат сите полнолетни граѓани на Република Северна Македонија. Во периодот од 19 септември до 14 ноември 2025 г. сите потрошувачи ќе имаат можност на некое од 32 продажни места од 9 трговски ланци, на една фискална сметка да купат најмалку 2 пакувања со капсули Nescafe Dolce Gusto по нивен избор од асортиманот на Nescafe Dolce Gusto на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија и да учествуваат во наградната игра.
По купувањето на производите, сите потенцијални учесници на касата ќе добијат купон за учество кој ќе треба да го пополнат со следните податоци: име и презиме, број на телефон и број на фискална сметка, и да го уфрлат во наменски произведена промотивна кутија која ќе биде поставена на главната каса. На извлекувањето, кое ќе се организира на крајот на наградната игра, сите учесници ќе имаат можност по случаен избор да добијат некоја од наградите определени за конкретното продажно место.

Листата со видот и бројот на награди определени за секое продажно место е точно специфицирана во табелата доставена како Прилог бр. 3 кон овие Правила.

## Член 4: Територија

Наградната игра ќе се приредува во 32 продажни места на 9 трговски ланци на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

1. Веропулос дооел Скопје (14 продажни места),
2. Тинекс дооел Скопје (4 продажни места),
3. Рамсторе Македонија доо (5 продажни места),
4. Кит- го дооел Скопје (4 продажни места),
5. МКБ Миса доо (1 продажно место),
6. Атва дооел (1 продажно место),
7. Гега дооел (1 продажно место),
8. Вива Фреш Сторе дооел Скопје (1 продажно место),
9. Монтенегро доо (1 продажно место)

## Член 5: Рекламирање

Наградната игра ќе се рекламира во електронските медиуми (социјални медиуми), како и на 32 продажни места каде се продаваат производите од асортиманот капсули на Nescafe Dolce Gusto на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија.

## Член 6: Награден фонд

Видот и вредноста на наградите се содржани во следната табела:

| Тип на награда | Вкупно награди | Поединечна вредност на наградата со ДДВ | Вкупна вредност на наградата со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Апарат за кафе KP1A3AF0 NDG PICCOLO XS TAUPE EU | 50 | 2.957.03 | 147.852,00 |
| Пакет-производи од асортиманот на капсули NESCAFE DOLCE GUSTO | 256 | 1.896,00 | 485.376,00 |
| Сет шолји за еспресо EGAN (PLC02/1G сет од 2 шолји, Le Casette) | 160 | 1.650,82 | 264.132,00 |
| **ВКУПНА КОЛИЧИНА И ВРЕДНОСТ** | **466** | | **897.360,00** |

Вкупниот награден фонд на наградната игра изнесува 897.360,00 денари (осумстотини деведесет и седум илјади и тристотини и шеесет денари).

Составот на пакет-производи од асортиманот каспули на Nescafe Dolce Gusto е специфициран во табелата доставена како Прилог бр. 4 кон овие Правила.

## Член 7: Услови за учество во наградната игра

- Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие правила.

- Во наградната игра ќе имаат можност да учествуваат сите потрошувачи кои во периодот од 19 септември до 14 ноември 2025 година во некое од 32-те продажни места на 9-те трговски ланци во Република Северна Македонија во кои се организира наградната игра, ќе купат на една фискална сметка најмалку 2 пакувања со капсули Nescafe Dolce Gusto по нивен избор, од асортиманот на Nescafe Dolce Gusto на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија.

- По купувањето на производите, сите потрошувачи покрај фискалната сметка, на касата ќе добијат купон за учество. Со цел да станат учесници во наградната игра, потрошувачите ќе треба да го пополнат купонот со следните податоци: име и презиме, број на телефон и број на фискална сметка и да го уфрлат во наменски произведена промотивна кутија која ќе биде поставена на главната каса во продажното место во кое се организира наградната игра. Наградниот купон за учество во наградната игра нема да се наплаќа дополнително и се добива гратис на секоја каса по реализирната набавка на 2 пакувања со капсули од асортиманот на Nescafe Dolce Gusto.

- Учесниците во наградната игра ќе можат да пополнуваат и уфрлуваат купони во периодот од 19. септември до 14 ноември 2025 година, до крајот на работното време на продажното место во кое се организира наградната игра.

- Бројот на приложената фискална сметка треба да соодветствува со бројот напишан во купонот кој ќе биде извлечен како добитник. Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за купоните што не ги содржат потребните информации и нема да бидат земени предвид како валидни.

- Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на правилата.

- Организаторот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите доставени броеви на фискални сметки кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин.

- Секој учесник во наградната игра е должен фискалната сметка за купените производи да ја чува до подигнувањето на потенцијалната награда, како услов да ја добие наградата.

- Не постои никакво ограничување во поглед на бројот на купони за учество од страна на еден учесник. Една фискална сметка може да учествува во наградната игра само еднаш. Валидни ќе бидат само фискалните сметки кои се издадени во периодот на времетраењето на наградната игра согласно член 3 од овие Правила.

  Со уфрлувањето на пополнет купон во наменски произведена промотивна кутија која ќе биде поставена на главната каса од продажното место во кое се организра наградната игра, секој учесник станува потенцијален добитник на некоја од наградите определени за конкретното продажно место.

## Член 8. Добитници во наградната игра

- Добитниците на наградите за секое продажно место, ќе се извлечат на посебно извлекување кое ќе се врши рачно, по случаен избор и ќе се одвива во просториите на Организаторот на ул. „Наум Наумовски – Борче“ бр. 40, кат 4, 1000 Скопје, на 21.11.2025 година, со почеток во 10 ч.

- Сите 32 промотивни кутии со купони од вкупно 32 продажни места во кои е организирана наградната игра, ќе бидат подигнати и доставени од страна на организаторот во просториите посочени како локација за извлекување најдоцна до 20.11.2025 г, до крајот на работното време.

- Базата на квалификувани учесници ќе биде составена од потрошувачи на производите на Nescafe Dolce Gusto на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија кои на некое од 32-те продажни места од 9-те трговски ланци, купиле најмалку 2 пакувања со капсули Nescafe Dolce Gusto по избор, го пополниле купон за учество со име и презиме, број на телефон и број на фискална сметка и го уфрлиле во наменски произведена промотивна кутија поставена на главната каса.

- За спроведувањето на наградната игра ќе се грижи жири-комисија со членови составени од:

  1) Претставник од НЕСТЛЕ Адриатик Македонија
  2) Претставник од ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје
  3) Нотар

  Покрај контролата на регуларноста на извлекувањата, нотарот ќе има обврска да води и записник за извлекувањата односно утврдувањето на добитниците.

- На извлекувањето на 21.11.2025 година за секое продажно место одделно, прво ќе се извлечат добитниците на 5 сет-шолји за еспресо, потоа добитниците на 8 пакет-производи капсули на Nescafe Dolce Gusto и на крај, ќе се извлече добитникот на 1 апарат или добитниците на 2 апарати за кафе KP1A3AF0 NDG PICCOLO XS TAUPE EU, во зависнот од тоа за кое продажното место ќе се извлекуваат наградите (соглано на поделбата на наградите специфицирана во Прилог бр. 3 кон овие правила).

- Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот во случај да е извлечен добитник кој според овие правила нема право на учество во оваа наградна игра.

- Бројот на приложената фискална сметка треба да соодветствува со бројот напишан во купонот кој е извлечен како добитник. Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за купоните што не ги содржат потребните информации и нема да бидат земени предвид како валидни.

## Член 9 ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ:

Добитниците на наградите ќе бидат јавно објавени на збирна листа на веб-страницата www.nestle.mk, најдоцна три дена по извлекувањето на добитниците предвидено да се одржи на на 21.11.2025 г, со почеток во 10 ч. Податоците од добитниците ќе бидат објавени во следните формати: име и првата буква од презимето и телефонскиот број 07X 111 1XX, со цел да се заштити идентитетот на добитниците на наградите. Добитниците на награди со самото учество во наградната игра се согласни дека доколку бидат извлечени за некоја награда, нивното име со првата буква од презимето и нивниот телефонски број (без последната цифра од префиксот и без последните 2 цифри од телефонскиот број) да бидат јавно објавени на горенаведената веб-страница.

## Член 10. НАЧИН НА ПОДИГАЊЕ НА НАГРАДАТА:

Секој добитник на награда, ќе биде исконтактиран од одговорно лице од Организаторот на наградната игра. Откако ќе се увиди дека ги исполнува условите за да ја добие наградата, во зависност од неговите можности и преференци, ќе има можност да ја добие во рок од 60 дена по објавувањето на добитниците, на еден од следните два начина:

- Првиот начин е лично да ја подигне наградата во просториите на Организаторот на ул. „Наум Наумовски – Борче“ бр. 40, кат 4, 1000 Скопје во периодот од 10 до 16 ч. секој работен ден од понеделник до петок, со задолжително приложување на фискалната сметка за купените производи како услов да ја добие наградата.

- Вториот начин е наградата да биде доставена на домашна адреса со курирска служба. Доколку добитникот одлучи наградата да ја добие на домашна адреса ќе има обврска претходно по електронски пат на е-маил адресата: office@epp.mk да достави скениран примерок од фискалната сметка. Трошокот за достава на наградите по курирска служба ќе биде на терет на Организаторот. Добитникот кој го избрал овој начин за достава, ќе биде контактиран од оператор ангажиран од Организаторот, на телефонскиот број преку кој е регистриран за учество. Податоците кои добитникот треба да ги достави се: име, презиме и адреса со цел наградата да може да му се достави. Целта на користење и трансферот на

податоци од страна на Организаторот е исклучително да помогне во спроведувањето и во администрирањето на учеството во наградната игра, односно заради идентификација на лицето, проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата, преку увид во личната карта на добитниците. Со ова, добитникот е согласен податоците за испорака (име, презиме, улица, број и град), односно овие лични податоци да бидат проследени до операторот за контакт ангажиран од Организаторот. За наградите кои ќе биде потребна достава од курирска служба, Организаторот ќе ги сподели следниве податоци за добитникот: име, презиме и адреса за достава и телефонскиот број со кој се регистрирал учесникот, со цел курирската служба да ја достави наградата непречено.

- Сите 466 добитници од извлекувањето ќе добијат потврда за добивка подготвена и заверена од Организаторот на наградната игра ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје. Во потврдата ќе бидат наведени личните податоци (име и презиме) на добитникот на наградата и видот на наградата. Личните податоци од потрошувачите, ќе бидат земени само со цел издавање официјална потврда за добивка на добитниците. Потврдите за добивка ќе бидат доставени лично или од страна на курирска служба во зависност од тоа кој начин на достава на наградата добитникот ќе го одбере.
- Сите потврди за добивка кои ќе бидат издадени за времетраењето на играта и во кои потрошувачите ќе внесат свои лични податоци т.е. единствено име и презиме, ќе бидат чувани во просториите на Организаторот ЕПП Комјуникејшенс ДОО ул. „Наум Наумовски- Борче“ бр. 40, кат 4, 1000 Скопје, најмногу 3 месеци, по завршувањето на наградната игра.

## Член 11. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Играчот има право да поднесе писмен приговор до Организаторот на наградната игра во рок од 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на резултатите. Организаторот има обврска писмено да одговори на приговорот на играчот во рок 5 (пет) работни дена сметано од денот на добивањето.

## Член 12. ГРЕШКИ

Во случај на печатни грешки во рекламните материјали ниту Организаторот, ниту Нарачателот нема да се сметаат за одговорни.

## Член 13. ОДГОВОРНОСТ

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Нарачателот (НЕСТЛЕ Адриатик Македонија), освен 160 сет-шолји за еспресо кои ќе бидат обезбедени од страна на Организаторот (ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје)
- Организаторот ќе биде одговорен до целосна реализација на наградите, односно до подигнувањето на наградите или најдоцна до 60 дена од денот на објавувањето на добитниците.
- Со преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот и Нарачателот немаат никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.
- Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.
- Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за некоја од наградите, да бидат објавени името и првата буква од презимето и нивниот телефонски број (без последната цифра од префиксот и без последните 2 цифри од телефонскиот број) кои се наведени на купонот, на веб-страницата www.nestle.mk.
- Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума на пари.

Република Северна Македонија Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Financave - Shkup

- Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови, доколку не е во можност да ја приложи соодветната фискална сметка или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

## Член 14. СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Добитниците на наградите – апарат за кафе KP1A3AF0 NDG PICCOLO XS TAUPE EU, пакет-производи со капсули на Nescafe Dolce Gusto и сет-шолји за еспресо се согласни при подигањето на наградата, до Организаторот да ги доставаат следните податоци: име, презиме, телефонски број за контакт и фискалната сметка чиј број е на купонот кој е извлечен како добитник, како и адреса за испорака на наградата (доколку го избрале овој начин на достава). Исто така, секој од добитниците е согласен при подигање на наградата да се изврши увид во неговата лична карта, со цел утврдување на правото на учество во наградната игра, односно дали лицето е полнолетно. Во овој случај, прибавените лични податоци ќе се чуваат 6 (шест) месеци по завршувањето на наградната игра. По завршување на наградната игра, личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на Организаторот и нема да се обработуваат за други цели.

Целта на користење и трансферот на личните податоци од страна на Организаторот е спроведување и администрирање на наградната игра.

Организаторот и Нарачателот НЕСТЛЕ Адриатик Македонија ќе ги користат и обработуваат личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра, односно со цел за објавување на добитниците на веб-страницата на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија – www.nestle.mk. Објавените податоци ќе бидат достапни на веб-страницата на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија, 60 дена по завршувањето на наградната игра.

Дадената писмена согласност за користење на личните податоци од страна на Организаторот и Нарачателот НЕСТЛЕ Адриатик Македонија, добитниците имаат право да ја отповикаат во секој момент, со доставување на барање, врз основа на која личните податоци ќе се исклучат од понатамошното користење.

Доколку добитниците не ги доставаат наведените податоци на Организаторот и/или не се полнолетни, наградата нема да биде доделена.

Организаторот и Нарачателот ќе ги користат и обработваат личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра и тоа поради идентификација на добитникот, поради проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата и вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра.

Од страна на ЕПП Комјуникејшнс ДОО Скопје и НЕСТЛЕ Адриатик Македонија ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку тоа е потребно за изведување на наградната игра согласно закон.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува во период од 6 месеци по завршувањето на наградната игра и дека во овој период ќе применува технички и организациски мерки кои ќе обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита на лични податоци на субјектите на лични податоци. По истекот на рокот за чување на личните податоци, Организаторот ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut · Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup

## ПРАВА НА ПРИСТАП, ИСПРАВКА, БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Доколку личните податоци кои учесниците ги имаат наведено заради учество во наградната игра се неточни или нецелосни, имаат право од Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да побарате истите да бидат исправени. Барањето за исправка на личните податоци можат да го извршат преку доставување на барање за исправка на личните податоци по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака “за Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса:office@epp.mk. Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје ќе постапи по доставеното барање за исправка на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. Доколку учесниците во наградната игра сакаат нивните лични податоци да бидат избришани, односно да го искористат правото „да бидат заборавени“ согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци, истото може да се направи со доставување на барање за бришење на лични податоци, по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака “за Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса office@epp.mk. Барањето за бришење на лични податоци може да се достави доколку:

1) Личните податоци повеќе не се потребни за спроведување/ организирање на наградната игра;

2) При повлекување на согласноста за правилата на наградна игра и обработка на личните податоци;

3) При поднесување на приговор на обработката на личните податоци, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје.

Обработката на личните податоци може да се ограничи по претходно барање со доставување на барање за ограничување на обработката на личните податоци, по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака „за Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса office@epp.mk доколку е исполнет некој од следните услови:

- доколку се оспорува точноста на личните податоци, за период кој му овозможува на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да ја провери точноста на личните податоци;

- обработката е незаконска и учесникот се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо бришење бара ограничување на нивната употреба;

- Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје нема повеќе потреба од личните податоци за целите на обработка, но учесникот ги бара со цел за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

Доколку учесникот смета дека обработката на неговите лични податоци за цел на спроведување/организирање на наградната игра од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое негово право за заштита на личните податоци, може да се обрати до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и за заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

## Член 15. ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, согласно чл. 9 од Законот за игри на среќа и забавни игри, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот по

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup

известувањето и добиената согласност од Министерството за финансии, треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекинување преку соопштение во медиумите.

**Член 16. РОКОТ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Најдоцна 60 дена сметано од денот на објавувањето на збирната листа на добитници на веб-страницата на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија - www.nestle.mk,

**Член 17. ПОТЕНЦИЈАЛНИ СПОРОВИ**

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра, надлежен е Основен граѓански суд Скопје.

**Член 18. ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА:**

Во наградната игра не можат да учествуваат вработените на Организаторот ЕПП Комјуникејшнс ДОО Скопје, вработените во НЕСТЛЕ Адриатик Македонија и вработените кај овластениот дистрибутер на НЕСТЛЕ - АЛМА-М дооел, како и членовите на нивните поблиски семејства.

**Член 19. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРАТА:**

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и ќе важат сè до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на веб-страницата на НЕСТЛЕ Адриатик Македонија - www.nestle.mk пред започнување на наградната игра, односно по добивањето согласност за приредување на наградна игра од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Воедно, потрошувачите ќе можат сите информации да ги добијат на инфо линијата 072 213 449 секој работен ден од 9 до 17 ч, преку СМС-пораки испратени на истиот број, од печатениот промотивен материјал кој ќе биде достапен на продажните места на кои ќе се организира наградната игра и од промотивните најави на социјалните мрежи и дигиталните медиуми.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut · Министерство за финансии · Скопје / Ministria e financave · Shkup · II

ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОПАГАНДА ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО СКОПЈЕ

Управител,
Мишко Ѓошев

# ПРИЛОГ 1

ЛИСТА НА ПРОИЗВОДИ ОД АСОРТИМАНОТ НА КАПСУЛИ NESCAFE DOLCE GUSTO КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО НАГРАДНАТА ИГРА ДОСТАПНИ НА ПРОДАЖНИТЕ МЕСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Ред. број | НАЗИВ НА ПРОИЗВОДОТ |
|---|---|
| 1 | NESCAFE DOLCE GUSTO ESPRESSO INTENSO 112 г |
| 2 | NESCAFE DOLCE GUSTO RISTRETTO BARISTA 104 г |
| 3 | NESCAFE DOLCE GUSTO NAPOLI 128 г |
| 4 | NESCAFE DOLCE GUSTO LUNGO 89,6 г |
| 5 | NESCAFE DOLCE GUSTO CAPPUCCINO 186,4 г |
| 6 | NESCAFE DOLCE GUSTO LATTE MACHIATO 183,2 г |
| 7 | NESCAFE DOLCE GUSTO ARDENZA 104 г |
| 8 | NESCAFE DOLCE GUSTO CAFE AU LAIT 160 г, |
| 9 | NESCAFE DOLCE GUSTO CORTADO ESPRESSO MACHIATO 100.8 г |
| 10 | NESCAFE DOLCE GUSTO FLAT WHITE 187,2 г |
| 11 | NESCAFE DOLCE GUSTO ICED FRAPPE 152 г |
| 12 | NESCAFE DOLCE GUSTO CORTADO 189 г |
| 13 | NESCAFE DOLCE GUSTO ESPRESSO INTENSO 210 г |
| 14 | NESCAFE DOLCE GUSTO RISTRETTO BARISTA 195 г |

# ПРИЛОГ 2

ЛИСТА СО ТОЧНИ ЛОКАЦИИ НА СИТЕ 32 ПРОДАЖНИ МЕСТА ВО КОИ СЕ ОРГАНИЗИРА НАГРАДНАТА ИГРА

| Број | Назив на продажно место | Адреса | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Веро 9 | Бул. „Кочо Рацин“ бр. 1 | Скопје |
| 2 | Веро 2 | Бул. „М. Теодосиј Гологанов“ бр. 76 | Скопје |
| 3 | Веро 8 | Ул. „Џон Кенеди“ бб | Скопје |
| 4 | Веро 5 | Ул. „М. Теодосиј Гологанов“ бр. 26 – АМСМ | Скопје |
| 5 | Веро 1 | Бул. „Јане Сандански“ бр. 111 | Скопје |
| 6 | Веро 13 | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 3 - Лимак | Скопје |
| 7 | Веро 10 | Бул. „Борис Трајковски“ бр. 11 | Скопје |
| 8 | Веро 7 | Кеј „13 Ноември“, ГТЦ Сутерен лок. 443 | Скопје |
| 9 | Веро 12 | Ул. „МАНАПО“ бр. 3 | Скопје |
| 10 | Веро 6 | Ул „Маршал Тито“ бб | Битола |
| 11 | Веро 4 | Ул. „Игњат Атанасовски“ бб | Битола |
| 12 | Веро 3 | Ул. „Борис Кидрич“ бб | Тетово |
| 13 | Веро 11 | Ул. „113“ бр. 3 | Тетово |
| 14 | Веро 14 | Бул. „ЈНА“ бр. 106 | Куманово |
| 15 | Супер Тинекс 4 | Бул. „3-та Македонска Бригада“ бр. 56 (Раде Кончар) | Скопје |
| 16 | Супер Тинекс 2 | Ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 16 (ЗЕБРА) | Скопје |
| 17 | Супер Тинекс EAST GATE | Ул. „Беласица“ бр. 2, | Скопје |
| 18 | Супер Тинекс 12 | Бул. „Видое Смилевски-Бато“ бр. 8 (ЛИСА) | Скопје |
| 19 | Гега Дооел | Нас. Плитишта, Индустриска зона, Струга | Струга |
| 20 | Миса Мега Маркет | Индустриска зона бр. 1, Струга | Струга |
| 21 | Атва Маркет 2 | Индустриска б.б, Кичево | Кичево |
| 22 | Рамстор ВАРДАР | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 13 | Скопје |
| 23 | Рамстор СИТИ МОЛ | Ул. „Љубљанска“ бр. 4 | Скопје |
| 24 | Рамстор КАПИТОЛ | Бул. „ Јане Сандански“ бр.71А | Скопје |
| 25 | Рамстор ГОРНО ЛИСИЧЕ | Ул. „Февруарски поход“ бр. 46 | Скопје |
| 26 | Рамстор ТЕТОВО | Ул. „ Скопски пат“ бр. 8 | Тетово |
| 27 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Матеја Матевски“ бр. 20А | Скопје |
| 28 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Андон Шурков“ бр. 36 | Велес |
| 29 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Климент Охридски“ бр. 46Г | Струмица |
| 30 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Скопска“ бр. 5 | Кочани |
| 31 | Вива Фреш Сторе ДООЕЛ Скопје | Ул. „Македонско- косовска бригада“ 11 бр.1/1, Бутел | Скопје |
| 32 | Монтенегро доо магацин бр. 3 | Ул. „Илинденска“ бр. 265 | Гостивар |

# ПРИЛОГ 3

## ЛИСТА СО ТОЧНО СПЕЦИФИЦИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВИД И БРОЈ НА НАГРАДИ ЗА СЕКОЕ ПРОДАЖНО МЕСТО НИЗ Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО КОЕ СЕ ОРГАНИЗИРА НАГРАДНАТА ИГРА

| ПРОДАЖНО МЕСТО | | | ВИД И БРОЈ НА НАГРАДИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Назив на продажно место | Адреса | Dolce Gusto апарат за кафе | Nescafe Dolce Gusto пакет-производи | Сет-шолји за еспресо | Вкупен број на награди по продажно место |
| 1 | Веро 9 | Бул. „Кочо Рацин“ бр. 1, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 2 | Веро 2 | Бул. „М. Теодосиј Гологанов“ бр. 76, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 3 | Веро 8 | Ул. „Џон Кенеди“ бб, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 4 | Веро 5 | Ул. „М. Теодосиј Гологанов“ бр. 26 – АМСМ | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 5 | Веро 1 | Бул. „Јане Сандански“ бр. 111, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 6 | Веро 13 | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 3 - Лимак, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 7 | Веро 10 | Бул. „Борис Трајковски“ бр. 11, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 8 | Веро 7 | Кеј „13 Ноември“, ГТЦ Сутерен лок. 443, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 9 | Веро 12 | Ул. „МАНАПО“ бр. 3, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 10 | Веро 6 | Ул „Маршал Тито“ бб, Битола | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 11 | Веро 4 | Ул. „Игњат Атанасовски“ бб, Битола | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 12 | Веро 3 | Ул. „Борис Кидрич“ бб, Тетово | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 13 | Веро 11 | Ул. „113“ бр. 3, Тетово | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 14 | Веро 14 | Бул. „ЈНА“ бр. 106, Куманово | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 15 | Супер Тинекс 4 | Бул. „3-та Македонска Бригада“ бр. 56 (Раде Кончар), Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 16 | Супер Тинекс 2 | Ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 16 (ЗЕБРА), Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 17 | Супер Тинекс EAST GATE | Ул. „Беласица“ бр. 2, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 18 | Супер Тинекс 12 | Бул. „Видое Смилевски-Бато“ бр. 8 (ЛИСА), Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 19 | Гега Дооел | Нас. Плитишта, Индустриска зона, Струга | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 20 | Миса Мега Маркет | Индустриска зона бр. 1, Струга | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 21 | Атва Маркет 2 | Индустриска б.б, Кичево | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 22 | Рамстор ВАРДАР | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 13, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 24 | Рамстор СИТИ МОЛ | Ул. „Љубљанска“ бр. 4, Скопје | 2 | 8 | 5 | 15 |
| 25 | Рамстор КАПИТОЛ | Бул. „ Јане Сандански“ бр.71А, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 26 | Рамстор ГОРНО ЛИСИЧЕ | Ул. „Февруарски поход“ бр. 46, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 23 | Рамстор ТЕТОВО | Ул. „ Скопски пат“ бр. 8, Тетово | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 27 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Матеја Матевски“ бр. 20А, Скопје | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 28 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Андон Шурков“ бр. 36, Велес | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 29 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Климент Охридски“ бр. 46 Г, Струмица | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 30 | Кит-го дооел Скопје | Ул. „Скопска“ бр. 5, Кочани | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 31 | Вива Фреш Сторе ДООЕЛ Скопје | Ул. „Македонско- косовска бригада“ 11 бр.1/1 Скопје - Бутел | 1 | 8 | 5 | 14 |
| 32 | Монтенегро доо магацин бр. 3 | Ул. „Илинденска“ бр. 265, Гостивар | 1 | 8 | 5 | 14 |
| ВКУПНО НАГРАДИ | | | 50 | 256 | 160 | 466 |

# ПРИЛОГ 4

СОСТАВ НА ПАКЕТОТ ПРОИЗВОДИ КАКО ПРЕДЛОГ НАГРАДА ЗА НИ
„УЖИВАЈ ВО ОМИЛЕНОТО КАФЕ И ОСВОЈ СУПЕР НАГРАДИ”

| **СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ** | | |
|---|---|---|
| **ШИФРА** | **ОПИС НА ПРОИЗВОД** | **БР. На пар.** |
| 7613036867436 | NESCAFE DOLCE GUSTO Espresso Intenso 112 г капсули | 1 |
| 8445290869531 | NESCAFE DOLCE GUSTO Ristretto Barista 104 г, капсули | 1 |
| 7613033174704 | NESCAFE DOLCE GUSTO Cafe Au Lait 160 г, капсули | 1 |
| 7613032827014 | NESCAFE DOLCE GUSTO Cortado Espresso Machiato 100,8 г. Капсули | 1 |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПАРЧИЊА ПРОИЗВОДИ ВО ЕДЕН ПАКЕТ** | **4** |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup